Совет на Општина Делчево
Број 09-1781 /2
27.09.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 29.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 27.09.2019 година (петок), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:30 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Дијана Јосифовски
12. Билјана Ѓеоргиевска
13. Кристи Стојковски
14. Вице Стоиловски
15. Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 28.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записникот од 28.седница

1. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 2 со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет.

2. Предлог-Одлука за одобрување на дополнителни финансиски средства на ФК „Брегалница“-Сениори Делчево;

**Образлагач:** Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

3. Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

4. Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2018/2019 година со Заклучок за усвојување.

**Образлагач:** Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

5. Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2018/2019 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

6. Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2018/2019 година со Заклучок за усвојување;
7. Измени на Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**: По точките 6 и 7-Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево.

8. Одлука за давање согласност за измена на Статутот на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

**Образлагач**: Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ “илинден“-Делчево.

9. Измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2019 година.

**Образлагач**:Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам.

10. Годишен извештај за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за учебна 2018-2019 година со Заклучок за усвојување;
11. Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за учебна 2019-2020 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

12. Предлог-Одлука за усвојување на Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022;
13. Акциски план на Општина Делчево за имплементација на Сратегијата за родова еднаквост за за периодот 2020-2022;

**Образлагач**: По точките 12 и 13-Сузана Петровска-Координатор за еднакви можности.

14. Процена на загрозеност од природни непогоди и др.несреќи на ТППЕ Делчево со Заклучок за усвојување;
15. План за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи на ТППЕ Делчево со Заклучок за усвојување;
16. Правилник за заштита од пожари и експлозии на ТППЕ Делчево со Заклучок за усвојување;

Образлагач: По точките 14,15 и 16-Кире Цоневски-Соработник за заштита и спасување.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Процедурално за збор се јави Сашко Ивановски која побара точка 2 од дневниот ред-Предлог-Одлука за одобрување на дополнителни финансиски средства на ФК „Брегалница“-Сениори Делчево, да биде симната од дневен ред бидејќи во врска со оваа точка освен одлуката нема доставено друг материјал, барање од ФК „Брегалница“, финансиски извештај или, пак, образложение за причините поради кои бараат дополнителни средства бидејќи сите знаеме дека на ФК „Брегалница“ им беа доделени средства од општина Делчево.

Претседателот на Советот рече дека ФК „Брегалница“ има доставено барање до Градоначалникот и до Советот на Општина Делчево и го прочита пред сите членови на Советот и истакна дека ФК „Брегалница“ сега се натпреварува во Третата Македонска Лига и регионот и со тоа се зголемуваат

трошоците. Проблемот со недостигот на средства ни е познат на сите и затоа во консултација со Градоначалникот и службите од Одделението за финансии со оваа одлука се доделуваат дополнителни средства во износ од 300.000 денари за да може клубот да продолжи да се натпреварува и да не дозволиме да престане да функционира. Со Градоначалникот и бизнис секторот успеавме да обезбедиме 75.000 денари за да се плати котизацијата на клубот за 1 полусезона. Овие 300.000 денари кои ги предлагаме со одлуката ќе се предвидат со Ребалансот. Одлуката не е политичка само излегуваме во пресрет на клубот кој е во незавидна ситуација заради новонастанатата состојба.

Кирил Тренечевски рече дека ФК „Брегалница“ по повикот добил 190.000 денари, но истите не биле преведени на сметката на клубот зарадаи распишувањето на изборите и во тој период клубот функционираше со позајмици.

Сашко Ивановски рече дека тие не се против одлуката туку бараат да се почека со незјзиното донесување, да се донесе прво Ребалансот па потоа одлуката, а одлуката така како што е дадена се коси со претходно донесениот Правилник и затоа бараме да се симне/повлече времено од дневен ред.

Претседателот ја затвори расправата и предлогот на С.Ивановски за симнување на оваа точка го стави на гласање.

Со 5 гласа „ЗА“ и 10 „ПРОТИВ“ истиот не беше усвоен.

На гласање беше ставен дневниот ред за 29.седница.

Истиот беше усвоен со 15 гласа „ЗА“.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 28.седница.

Никој не се јави за збор и расправата беше затворена, а записникот ставен на гласање.

Со 15 гласа ЗА“, Советот на општина Делчево го усвои Записникот од 28.седница на Советот на Општина Делчево.

Прва точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 2 со Заклучок за усвојување.

Образлагач по оваа точка поднесе Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет која рече дека извршувањето на буџетот на општина Делчево за вториот квартал 2019 година изнесува 49,27%, односно од вкупно планираните 279.783.412 денари приходи за вториот квартал се реализирани 137.854.742 денари. Од нив во основниот буџет, од планирани 110.983.000 реализирани се 59.906.547 ден. или 54%.
Во буџетот на дотации од планирани 148.033.412 приходи реализирани се 67.048.081 или 45,3%, во буџетот на донации од планирани 3.400.000 реализирани се 6.006.994 ден.или 36% и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани17.367.000 реализирани се 4.893.120 денари, или 28,17%.
При анализата на основниот буџет се гледа дека: даночните приходи се наплатени во износ од 13.858.590 ден. од вкупно планирани 31.639.000 ден. Или 43,8%, наплатата од даноци на имот е во износ од 5.492.835, од даноци од специфични услуги во износ од 7.389.548 ден. (комунална такса за истакната фирма,1.254.200 ден., ком.такса за одржување на јавното осветлување во износ од 4.935.019 денари, ком.такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила што се плаќа при регистрација околу 485.440 денари, за надоместок за уредување на град.неизгр. земјиште во износ од 680.922 ден. и др.помали износи на комунални такси).
Неданочните приходи се планирани во износ од 4.204.148, 00 ден. 5.677.000 ден. и тоа се приходи од административни такси и надоместоци, со предзнак минус 559.741 денар и тоа се однесува на отплата на кредит на МБПР 1.500.000 денари.
Капиталните приходи се наплатени во износ од 1.792.153 ден. од вкупно планирани 4.610.000 ден.или

39%, а тоа се приходите од продажба на земјиште во износ од 293.002,приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата во износ од 359.167, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини 98.285 ден., надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-легализација во износ од 1.041.699 денари.
Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 44.502.765 ден. од вкупно планираните 65.529.852 или 68% и тука спаѓаат средствата добиени по основ на дотации на општината од приходи од ДДВ 13.354.200 ден.,трансфери од буџетите на фондовите 1.700.000 денари како и трансфери од други нивоа на власт и трансфери од буџетите на фондовите во износ од 29.448.565 ден.
Вкупните расходи се планирани во износ од 279.783.412 ден. во ист износ како и вкупните приходи при што е запазено буџетското правило за рамнотежа. Од нив се реализирани 132.828.047 ден. Или 47,47%.
Ако го анализираме основниот буџет ќе видиме дека од вкупно планирани 110.983.000 ден. реализирани се 59.567.701 ден.или 53,67%.
На групата 40 реализирани се 9.497.165 ден. од вкупно планирани 22.812.000 ден. или 41,6% во нив влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци.
Платите и придонесите од плати се реализирани во износ од 6.208.058 ден. од планирани 14.116.000 денари или 44%.
На групата 42 реализирани се 14.971.841 ден. од вкупно планирани 26.162.000 или 57,2%, (патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, горива и масла, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување,одржување на улици и патишта, услуги за обезбедување, договорни услуги и други расходи).
На група 46 планирани се 19.342.000 од кои се реализирани 18.614.165 ден.( до здруженија на граѓани 105.000 и до сп.клубови 180.000, 353.000 ден.стипендии за ученици и студенти 436.000 ден., плаќање по судски решенија 17.772.000 и разни трансфери во износ од 129.165 денари.
На група 47 од планирани 800.000 ден. реализирани се 285.000 ден.( новороденчиња 106.000 и 179.500 ден. еднократна парична помош).
И на крајот во група 48 влегуваат капиталните расходи кои се реализирани во износ од 15.210.342 ден. од планираните 41.792.000 и најголем дел од нив се исплатени за:
-изработка на проекти (482110)-1.652.228;
-изградба на улици и патишта(482120)-6.828.792 (од овде се исплатени и дел од програма А3, т.е.2.897.808, а 3.930.984 се за изградба на улици и патишта оваа година).
За реконструкција на улчици и патишта се потрошени 7.178.208 (2.280.966 се одземени и 467.742 денари за А3 програма за улиците „Илинденска, „Н.Ј.Вапцаров“, „Пролет“ итн.
Од страна на трезорот за „Гранит“ ни се одземени 2.280.966 и 1.852.636 се исплатени за реконструкција на детска градинка.
Доколку имате прашања, повелете, рече А.Христова

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша зошто на ставката 718 се реализирани само 3.900 денари, а се планирани 587.000 денари?

А.Христова рече дека тоа се средства уплатени за лиценца за кабаре. Поднесено е само 1 барање и е издадена една лиценца, затоа се толку.

Б.Ѓеоргиевска праша од што се средствата кај капиталните приходи во износ од 1.792.153 на ставката 733-продажба на земјиште и нематеријални вложувања каде што се планирани 4.610.000 денари и зошто е толку мало остварувањето на приходите во делот на самофинансирачките активности?

А.Христова рече дека тоа се средства од дооформување на градежни парцели и од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, како и од концесии и средства соберени по основ на т.е. легализација.Што се однесува до приходите во делот на самофинансирачките активности, таа истакна

дека тоа се од сопствените сметки на буџетските корисници кои, и покрај укажувањата, буџетските корисници секоја година ги проектираат повеќе отколку што можат да реализираат.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ ми 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево, го донесе Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 2.

Втора точка-Предлог-Одлука за одобрување на дополнителни финансиски средства на ФК „Брегалница“-Сениори Делчево;

Образлагач по точката беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека во врска со оваа точка дал образложение во расправата по дневниот ред. Источниот и јужниот фудбалски сојуз се соединуваат во еден во којшто се натпреварува и ФК „Брегалница“, а тоа подразбира и поголеми трошоци. Претседателот на ФК „Брегалница“ редовно доставува извештај за сите трошоци. Во разговорите што ги водевме со градоначалникот и претседателот на клубот, градоначалникот вети дека од средствата што ќе ги добие клубот со донесувањето на денешната одлука ќе се исплатува надоместокот на фудбалерите. Месечниот трошок само за тој надоместок е 60.000 денари, а сите знаеме дека се потребни средства и за судиите, како и други трошоци, истакна претседателот на Советот, Драган Маневски.

Беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Влатко Величковски кој рече дека средствата што ги добил ФК „Брегалница“ во износ од 190.000 денари, согласно Правилникот и објавениот повик не се доволни за нормално функционирање на еден фудбалски клуб. Трошоците на сите клубови и здруженија на граѓани не се исти и тука треба да се прави разлика. Исто така, никој од нас не може да предвиди или да знае какви одлуки ќе донесе Фудбалската федерација или фудбалските сојузи, или пак, што ќе се случува со клубот во иднина. Лично сметам дека барањето на ФК „Брегалница“ е издржано согласно новонастанатата ситуација за која зборуваше претходно претседателот на Советот. Одлуката треба да се донесе и не треба да одолговлекуваме непотребно. Од претходно добиените средства во износ од 190.000 денари, 2/3 или 150.000 денари се потрошени за котизацијата која не била платена во претходнит период, а без тоа клубот не може да се натпреварува и затоа оваа одлука треба да биде донесена, рече В.Величковски.

Билјана Ѓеоргиевска рече дека тие не се против доделувањето на дополнителни средства на ФК „Брегалница“ туку прашуваат од која ставка ќе бидат повлечени тие средства и дали се планирани. Ланската година ние како советничка група имавме предлог да се зголеми бројот на стипендиите и износот на истите, но истиот беше одбиен со образложение дека нема средства, рече Б.Ѓеоргиевска.

Сашко Ивановски рече дека пред три години кога ФК „Брегалница“ се натпреваруавала на повисок ранг и кога од страна на Советот и Општината биел доделени средства, од страна на опозицијата и градоначалникот и Советот биле „прозивани“, а сега еден клуб (ФК „Брегалница“) се фаворизира за сметка на другите клубови и тоа не е во ред.

Драган Маневски рече дека не е точно дека ФК „Брегалница“ се фаворизира за сметка на други клубови, за разлика од порано кога середства се доделувале само на 2 клуба, нема да ги спомнам, ги знаме сите. Ние донесовме Правилник со кој се уредени и прецизирани условите за добивање на средства од општината и според кој се објавува оглас на кој може да се јави секој клуб или здружение и на сосема транспарентен начин се доделуваат средвата. Тоа што сега донесуваме одлука за дополнителни средства на ФК „Брегалница“ и поради тоа што се јави реална потреба поради новонастаната ситуација. И оваа одлука е сосема во ред бидејќи доколку не ја донесеме се доведува во прашање опстанокот на клубот, а сите знаеме дека што значи овој клуб за спортот и Општината воопшто.300.000 денари не се

многу, но сепак се голема помош, еве за пример Општина Виница на ФК „Слога“ доделила 850.000 денари.

Кирил Тренчевски реплицираше на Сашко Ивановски во смисла дека и пред 3 години ФК „Брегалница“ се натпреварувала во Третата Македонска Лига и тука нема разлика. Разлика има во тоа што тогашната локлана власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ додлеувала и многу повисоки суми на пари на клубот, а сепак котизацијата на клубот не била платена.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Едногласно, со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Декчево ја донесе Одлуката за одобрување на дополнителни финансиски средства на ФК.

**Трета точка-Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по оваа точка во отсуство на директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево, беше Методи Кушовски правник во ЈКП „Брегалница“ кој рече дека во Планот ја има тековната состојба со вкупен број на вработени-73, планирани пензионирања-1. Во Табела 6 се дадени податоци за планирани нови вработувања во следната година, вкупно 16, по основ на упразнети работни места.

Претседарелот отвори расправа по точката.

За збор се јави билјана Ѓеоргиевска која праша колку време се испразнети работните места и дали сите се пополнети.

М.Кушовски рече дека местата се испразнети 2017, 2018 и 2019 година и сите се пополнети.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, „ПРОТИВ“-нема и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2020 година.

**Четврта точка-Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2018/2019 година со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по оваа точка беше Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кој рече дека на почетокот на учебната 2018/2019 година, во учичиштето се запишале 364 ученици од кои 310 во гимназиско и 53 во стручните паралелки. Во текот на годината наставата ја напуштиле 12 ученика, а дошле 5 ученика, на крајот на годината во училиштето имало 359 ученици. Во минатата година има поддоврување во некои сегменти (благо намалување на број на изостаноци, подобрување на поведение). Проблемите во училиштето се решаваат заеднички, во соработка со стручните служби, класните рководители и ученичката заедница. Средниот успех на во гимназиско образование е 4,27 во прва година, 4,14 во втора, 4,05 во трета и 4,09 во четврта или среден успех 4,16, а во стручното образование 3,46. Во измината учебна година учениците од гимназијата биле повеќепати на обуки и семинари во странство со што стекнале нови познавања, искуства и знаење. Доколку имате прашања, повелете, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2018/2019 година.

**Петта точка-Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2018/2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Маријана Стоименовска заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која рече дека ООУ „В.Прке“ е деветгодишно училиште во чиј склоп работат и 2 подрачни училишта, во с.Габрово и Ѕвегор. Во учебната 2018/2019 година завршиле 572 ученика распоредени во 38 паралелки. Стратешка цел била подобрувањето на материјално-техничките услови во кои се реалзираше наставата, како и на обезбедување на квалитетна настава, воннаставни активности со имплементација на наставните планови. Успехот е подобрен, изостаноците намалени, доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори рсправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево  донесе Заклучок за усвојување на  Годишниот извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2018/2019 година.

**Шеста точка-Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2018/2019 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи помошник-директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“, Влатко Атанасовски кој рече дека во составот на училиштето работат ЦОУ во Делчево и 5 подрачни училишта во селата Град, Вирче, Стамер, Тработивиште и Разловци. Во учебната 2018/2019 во училиштето биуле запишани 551 ученик, спроведени се разни активности за подобрување на квалитетот на наставата и условите за работа во училиштето. Средниот успех на училиштето е 4,30, подетални податоци се дадени во самиот извештај, како и податоци за освоените награди и места на општински, регионални и државни натпревари. Доколку има прашања, повелете, ќе ви одговорам, рече В.Атанасовски.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево  донесе Заклучок за усвојување на  Годишниот извештај за работата на ООУ „Св.Кл.Охридски“-Делчево за 2018/2019 година.

**Седма точка-Измени на Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по оваа точка беше Маја Ивановска Златковска, правник во  ООУ „Св.Климент Охридски-Делчево која рече дека овие измени на Годишниот план за вработување се поради донесувањето и стапувањето на сила на новиот Закон за основно образование. Имено во табелата 6, работното место бр.3 согласно новиот закон треба да биде со високо образование. Имаме согласност на Правилникот за систематизација на работните мкеста и затоа моравме да ја направиме оваа измена, истакна М.Ивановска Златковска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Измените на Годишниот план за вработување на  ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2019 година.

**Осма точка- Предлог-Одлука за давање согласност за измена на Статутот на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.**

Образлагач по оваа точка беше  Биљана Петровска-Директор на ЈЛБ “Илинден“-Делчево која рече дека УО на ЈЛБ „Илинден“-Делчево донела измена на член 17 точка  3 која се однесува на УО и надлежностите на Управниот одбор. Согласно законот, бараме Советот на општина Делчево да ни даде согласност.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за давање согласност за измена на Статутот на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

**Деветта точка-Измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција,  одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2019 година.**

Оваа точка ја образложи Николина П.Мавродиева која истакна дека се врши измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција,  одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2019 година.Имено,во Програмата, во делот Б) Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари: во точка 40 зборот „Царевоселска“ се менува со зборот „Кеј на Брегалница“ поради техничка грешка. А по точката 42 се додава нова точка 43.Реконструкција на крак од улица „Кеј на Брегалница“.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

**Десетта тока-Годишен извештај  за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за учебна 2018-2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образложение по точката поднесе Б.Симовска-директор на ОЈУДГ „Весели Цџветови“-Делчево која истакна дека Годишниот извештај е законска и статутарна обврска на детската градинка и ја презентира состојбата во врска со организацијата и реализацијата на целокупната дејност на градонката. Целите поставени со Програмата за работа во воспитната 2018/2019 се целосно реализирани. Целокупната дејност на детската градинка се одвивала во двата објекти, во објектот 1 биле згрижени 316 деца, а 126 на листа на чекање. Во објектот 2 има 2 воспитни групи и тоа 1 воспитна група со 20 деца од полудневен престој и една група со продолжен престој со 15 деца. Капацитетот на ОЈУДГ е вкупно 275 деца во матичниот и 40 во стариот. Работното време на градинката е утврдено со Одлука на Совет и тоа од 05:00 до 17:00. Што се однесува до персоналот сите се со обновени лиценци и со сите потребни обуки. Доколку имате прашања, повелете, рече Б.Симовска.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај  за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за учебна 2018-2019 година.

**Единаесетта точка-Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за учебна 2019-2020 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Биљана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која на почетокот ги истакна појдовните основи на Програмата и рече дека истата ќе се остварува низ слеѓдните облици на работа  и делување:детски јасли; детска градинка;продолжен престој;исхрана, кујна;превентивна здравствена заштита и заеднички служби. Таа ги содржи активностите за давање поддршка на децата и смејствата и едукација која опфаќа специјални програми за подобра адаптација на децата и родителите. Особено внимание ќе се посвети на здравјето на децата згрижени во детската

градинка и се уште важи забраната за невакцинирани деца, а се планира и реконструкција на објектот, доградба на простории со цел да можат да се згрижат што повеќе деца. Доколку имате прашања, повелете, рече Б.Симовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој ја праша директорката дали имаат право како детска градинка да дистрибуираат храна од кујната со несоодветно возило за таа намена?

Директорката го информираше С.Ивановски дека во врска со ова прашања е распишан тендер за набавка на возило и се уште трае постапката така што во најскоро време ќе биде набавено соодветно возило. Имавме посета од инспецијата, ни беа дадени насоки и ние постапуваме по нив, рече Б.Симовска.

Кирил Тренчевски ја праша директорката дали возилото што ќе биде набавено ќе биде исплатено сега?

Б.Симовска рече дека возилото че биде платено сега, градинката има пари за набавка на возилото и целосно ќе го исплати.

Влатко Величковски го праша С.Ивановски со какви возила се дистрибуирала храната порано, кои се тие и дали биле соодветни?

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за учебна 2019-2020 година.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за усвојување на Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022;**

Образложение по оваа точка поднесе Сузана Петровска која рече дека со оваа одлука се усвојува Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022.Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022 изработена е од страна на тим составен од претставници од општините Делчево, Берово и Пехчево, на иницијатива од НВО „КХАМ„ , во рамки на проектот „Со стратегија и локални акциони планови до еднакви можности за жените и мажите во општините Делчево, Берово и Пехчево„. Таа истакна дека Стратегијата претставува стратешки документ за родовата еднаквост бидејќи досега немало таков документ и дека со нејзината имплементација ќе се придонесе кон инклузија во општествените текови и еднаквите можности на сите граѓани, што дополнително поволно ќе влијае и на подобрувањето на квалитетот на животот на граѓаните од регионот вио целост. Во продолжение таа зборуваше за самиот процес на изработка на документот, законските основи, визијата, стратешките приоритети, приоритетните области на делување и програмските цели и активности.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која сугерираше за наредната година Комисијата за еднакви можности да си предвиди средства за работа со буџетот.

Дејан Георгиевски праша дали има потреба да се предвидат средства за 2019 бидејќи Стратегијата се оॽднесува на периодот 2020-2022 и дали КЕМ досега имала средства за работа?

Билјана Ѓеоргиевска рече дека Комисијата за еднакви можности ќе се бори да добие средства з атаа намена, а С.Петровска рече дека согласно Стратегијата има активности кои мора да бидат завршени во декември 2019 година и затоа се потребни средства.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка, расправата беше затворена и Одлуката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе

**Тринаесетта точка-Акциски план на Општина Делчево за имплементација на Сратегијата за родова еднаквост за за периодот 2020-2022;**

Образлагач и по оваа точка беше Сузана Петровска-Координатор за еднакви можности која истакна дека Акцискиот план на Општина Делчево за имплементација на Сратегијата за родова еднаквост за периодот 2020-2022 претставува опративен план за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост и се однесува конкретно на општина Делчево. Со него се предвидуваат 12 проекти, не се малку, би било добро да се реализираат, останува да се потрудиме што повеќе од нив да се реализираат, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Дејан Георгиевски кој рече дека треба да се направат напори да се запази родовата еднаквост во сите тела и комисии, а исто така и на раководните позиции.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Акцискиот план на Општина Делчево за имплементација на Сратегијата за родова еднаквост за за периодот 2020-2022.

**Четиринаесетта точка-Процена на загрозеност од природни непогоди и др.несреќи на ТППЕ Делчево со Заклучок за усвојување;**

Оваа и наредните 2 точки, 15 и 16 беа образложени од страна на Џулиета Мемедова која истакна дека сите 3 се однесуваат на ТППЕ Делчево и се законска обврска согласно Законот за заштита и спасување. За сите нив Општината има добиено позитивно мислење од Дирекцијата за заштита и спасување.

Претседателот отвори расправа по точката 14.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздражани нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Процената на загрозеност од природни непогоди и др.несреќи на ТППЕ Делчево.

**Петнаесеттата точка-План за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи на ТППЕ Делчево со Заклучок за усвојување беше ставена на гласање.**

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздражани нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи на ТППЕ Делчево.

На гласање беше ставен и 16 точка- **Правилникот за заштита од пожари и експлозии на ТППЕ Делчево со Заклучок за усвојување;**

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздражани нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Правилникот за заштита од пожари и експлозии на ТППЕ Делчево

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 29.седница на Советот на Општина Делчево, заврши со работа во 16:40.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Записникот го водела Претседател,